| | | |
|---|---|---|
| УИ ПЕТ | ЈЗУ<br>Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија | Ул. Бледски договор бр.10<br>1000 Скопје<br>Република Северна Македонија<br>Телефон: 02 3078 098<br>Mail: uipet@zdravstvo.gov.mk<br>www.uipet.mk |

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ
## на
## ЈЗУ Универзитетски Институт за Позитронско - Емисиона Томографија на Република Северна Македонија

### *Визија*

ЈЗУ Универзитетски Институт за Позитронско - Емисиона Томографија на Република Северна Македонија својата визија ја темели на обезбедување на висок квалитет на здравствени услуги. Институтот дава придонес кон развивањето на светски и европски стандарди на нудење на здравствени услуги во областа на нуклеарната медицина преку континуиран развој, градење на соодветна инфраструктура, зголемено задоволство на пациентите, вработен здравствен, соработнички и административен кадар и континуирано мониторирање на работниот процес.

### *Мисија*

Како единствена установа во која се интегрирани производство на радиофармацевтици и нивна употреба во клиничка пракса во Република Северна Македонија, ЈЗУ УИ за ПЕТ се стреми кон обезбедување на квалитет како и нудење на услуги според европските и светските практики. Институтот имплементира мултидисциплинарен пристап во менаџмент на пациентите и својата Политика на квалитет ја темели врз неколку клучни начела:

**Континуирано подобрување на дадените услуги** преку развој на:

- европска димензија во здравствената дејност на нуклеарната медицина, медицинската физика и радиофармацијата;
- нуклеарната медицина преку континуирано следење на нејзиниот развоен процес во светот со цел подобрување на услугите на ниво кое што ќе ги задоволи највисоките стандардите за здравствена услуга;
- радиофармацијата во потесно подрачје - производство и контрола на квалитет на радиофармацевтски препарати неопходни за ПЕТ/КТ дијагностика, како и на радиофармацевтици кои би се користеле во лекување;
- медицинската физика како составен дел од нуклеарната медицина со своите потесни подрачја на производство на циклотронски продукти (радиоактивни изотопи), примена на дозиметрија и обезбедување адекватна радијациона заштита.

**Градење на соодветна инфраструктура** преку:

- обезбедување на софистицирана опрема и апаратура во дијагностичкиот сегмент од областа на нуклеарната медицина, како и во областите на медицинската физика и радиофармацијата со цел квалитетно водење на сите активности и целиот процес;
- обезбедување на високо-стручен компетентен кадар со потенцирање на професионалната одговорност и етиката во спроведувањето на работните задачи;
- организациона структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности, документирани информации, контрола на системот за управување со квалитет, процеси на работни задачи и активности, нивно спроведување;
- процес на континуирано следење и оценување на квалитетот и преземање на мерки за постојано подобрување и надградување;
- процес на идентификација и соодветно управување со сите ризици во работните процеси на Институтот.

**Зголемување и одржување на угледот на Институтот** преку:

- транспарентност во работењето со унапредување на достапноста на информациите за сите заинтересирани страни;
- стручно усовршување на здравствениот и соработничкиот кадар на Институтот, негова надградба во соодветните области со цел унапредување на квалитетот на работењето и услугите, и обезбедување на трансфер на знаењата и научно-истражувачка работа;
- висока организациска култура, перформанси на организацијата, ресурси и достап на ресурси, согласно здравствените капацитети;
- меѓу-институционална соработка на национално, регионално и на интернационално ниво преку организирање на обуки, семинари, работилници, вклученост во научно-истражувачката работа преку спроведување на проекти кои се од национален интерес и значење;
- приближување кон европските и светските практики на нудење на здравствени услуги во нуклеарна медицина со доследно спроведување на сите применливи законски и други барања од националната и меѓународната легислатива која се однесува на дејноста.

ЈЗУ Универзитетски Институт за Позитронско - Емисиона Томографија на Република Северна Македонија

Скопје, 02.09.2024

Директор
Доц. д-р Невена Маневска